Službeni vesnik SR
Makedonije
Skopje
Ech 51


# СЛУЖ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Четврток, 18 април 1974

БЕЛГРАД

БРОЈ 19 ГОД. XXX

Цена на овој број е 24 динари. — Претплатата за 1974 година изнесува 350 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756.


**256.**

Врз основа на член 347 точка 5 од Уставот на СФРЈ, во врска со член 4 од Законот за обезбедување трајни обртни средства на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/72 и 40/73) и со одредбата на главата III оддел 1 став 5 од Резолуцијата за основите на политиката на општествено-економскиот развој на Југославија во 1974 година, Сојузниот извршен совет донесува

### УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ НА УРЕДБАТА ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ДЕЛ ОД КРАТКОРОЧНИТЕ КРЕДИТИ НА БАНКИТЕ И НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ДОЛГОРОЧЕН КРЕДИТ ЗА ОБРТНИ СРЕДСТВА

Член 1

Во Уредбата за претворање на дел од краткорочните кредити на банките и на стопанските организации во долгорочен кредит за обртни средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/71 и 19/71) во член 3 став 2 зборовите: „31 март 1974 година" се заменуваат со зборовите: „31 март 1975 година".

Член 2

Во член 6 став 2 зборовите: „15 март 1974 година" се заменуваат со зборовите: „15 март 1975 година".

Член 3

На организациите на здружениот труд, на нивно барање, банките ќе им ги вратат отплатите што тие по кредитот од член 4 од Уредбата за претворање на дел од краткорочните кредити на банките и на стопанските организации во долгорочен кредит за обртни средства, ги платиле до денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Народната банка на банките, на нивно барање, ќе им ги врати отплатите што се платени до денот на влегувањето во сила на оваа уредба по кредитот од член 1 на Уредбата за претворање на дел од краткорочните кредити на банките и на стопанските организации во долгорочен кредит за обртни средства, и тоа во височина на отплатите вратени во смисла на став 1 од овој член.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 206
10 април 1974 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

**257.**

Врз основа на член 37 став 1, член 37б и член 37д став 1 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ ЧИЈ ИЗВОЗ И УВОЗ Е РЕГУЛИРАН

1. Во Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/70, 42/71, 33/72, 53/72, 64/72, 11/73, 17/73, 45/73, 53/73, 56/73 и 7/74), во Списокот на стоките за кои се утврдуваат условите за извоз и увоз, кој е составен дел на таа одлука, се вршат следните измени и дополненија:

| | | |
|---|---|---|
| 1) во тарифниот број 84.01 по точка 3 се додава нова точка 4, која гласи: | | |
| „4) За погон на турбо-агрегати со сила 300.000 kW и повеќе, капацитет над 1000 t/h пара | ЛБ | ЛБ" |
| Досегашните точ. 4 и 5 стануваат точ. 5 и 6; | | |
| 2) во тарифниот број 84.02 по точка 5 се додава нова точка 6 која гласи: | | |
| „6) Помошни уреди за котли капацитет над 1000 t/h пара, наведени во точ. 1 до 5 | ЛБ | ЛБ"; |
| 3) во тарифниот број 84.05 во точка 2 одредбата под б) се менува и гласи: | | |
| „б) за термоелектрани и топлани: | | |
| 1) за погон на електрични генератори со сила 300.000 kW и повеќе | ЛБ | ЛБ |
| 2) други | ЛБ | ГДК"; |
| 4) во тарифниот број 84.10 во точка 3 одредбата под а) се менува и гласи: | | |
| „а) за течност, механички: | | |
| аа) капацитет над 500 t/h, односно над 8.000 KS | ЛБ | ЛБ |
| бб) други | ЛБ | ГДК"; |
| 5) во тарифниот број 85.01 во точка 1 под а) под 2 под гг), одредбата под 6 се заменува со две нови одредби, кои гласат: | | |
| „6) турбо-агрегати со сила над 40.000 kW а помали од 300.000 kW | ЛБ | ГДК |
| 6а) турбо-агрегати со сила 300.000 kW и повеќе | ЛБ | ЛБ". |

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува на работите што ќе се склучат и ќе и се пријават на банката од тој ден.

Е. п. бр. 203
10 април 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

## 258.

Врз основа на точка 2 од Одлуката за височината и начинот за утврдување на девизната квота по основ на откупени девизни дознаки на работниците и иселениците („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/72), Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕВИЗНАТА КВОТА НА РЕПУБЛИКИТЕ И НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ ЗА 1974 ГОДИНА ПО ОСНОВ НА ОТКУПЕНИ ДЕВИЗНИ ДОЗНАКИ НА РАБОТНИЦИТЕ И ИСЕЛЕНИЦИТЕ

1. На републиките и на автономните покраини за 1974 година им се утврдува девизната квота во противвредност од 848,000.000 динари во девизи што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања, а кои потекнуваат од девизите откупени по дознаки на работниците на привремена работа во странство и по дознаки на иселениците во 1973 година.

2. Износот од точка 1 на ова решение, сразмерно со бројот на југословенските граѓани на работа во странство од секоја поодделна република и автономна покраина утврден според прописите за евиденциите во областа на трудот, им се распоредува, и тоа на:

| | Динари |
|---|---|
| 1) Социјалистичка Република Босна и Херцеговина | 226,161.600 |
| 2) Социјалистичка Република Македонија | 67,585.600 |
| 3) Социјалистичка Република Словенија | 45,452.800 |
| 4) Социјалистичка Република Србија | 107.356.800 |
| 5) Социјалистичка Република Хрватска | 257,622.400 |
| 6) Социјалистичка Република Црна Гора | 10,854.400 |
| 7) Социјалистичка Автономна Покраина Војводина | 71,316.800 |
| 8) Социјалистичка Автономна Покраина Косово | 61,649.600 |

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 205
10 април 1974 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

## 259.

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/72), Сојузниот извршен совет утврдува

# ЗАЕДНИЧКИ ОСНОВИ

## НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1974 ГОДИНА

1. Кредитната политика во 1974 година ќе биде насочена кон поддржувањето на остварувањето на целите и задачите на економската политика, утврдени со Резолуцијата за основите на политиката на општествено-економскиот развој на Југославија во 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/73), а во рамките на квантитативните задачи на монетарната политика во таа година.

Со мерките на кредитната политика посебно ќе се поддржува остварувањето на предвидениот пораст на производството и вработеноста, урамнотежувањето на стоковно-паричните односи, забавувањето на порастот на цените и подобрувањето на платниот биланс.

2. Задачите и целите на кредитната политика, утврдени со Резолуцијата за основите на политиката на општествено-економскиот развој на Југославија во 1974 година, ќе се остваруваат првенствено со соодветната политика на формирањето и пласманот на средствата на деловните банки и по пат на самоуправните спогодби на деловните банки, односно општествените договори на организациите на здружениот труд, самоуправните фондови, општествено-политичките заедници, Народната банка на Југославија, народните банки на републиките, народните банки на автономните покраини и деловните банки.

Остварувањето на задачите на кредитната политика во 1974 година ќе се обезбедува и со соодветните мерки насочени кон регулирањето на структурата на пласманот на деловните банки и со други мерки на дејствување врз деловната политика на банките.

3. Обемот на примарната емисија во 1974 година ќе се усогласува според потребите на формирањето на кредитниот потенцијал на деловните банки, со цел да се обезбеди соодветен пораст на кредитите на деловните банки што тие му ги даваат на стопанството и адекватно движење на паричната маса.

Регулирањето на кредитниот потенцијал и на ликвидноста на деловните банки ќе се врши, во утврдените монетарни рамки, со адекватна политика на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија, со давање кредити на деловните банки од примарната емисија за обезбедување на тековната ликвидност, со давање кредити на одредени корисници што непосредно ги кредитира Народната банка на Југославија во согласност со утврдените законски обврски, со купување и продажба на одредени хартии од вредност, со купување пред рокот на одредени краткорочни побарувања по основ на извоз и со други облици на краткорочни интервенции.

Кредитите за обезбедување на тековната ликвидност Народната банка на Југославија ќе им ги дава на деловните банки врз основа на благајничките записи на Народната банка на Југославија, врз основа на обврзниците на федерацијата за покритие на делот на обврските предвидени во Буџетот на федерацијата за 1974 година и врз основа на обврзниците за регулирањето на обврските на федерацијата по основ на курсните разлики.

Народната банка на Југославија ќе им дава на деловните банки, преку народните банки на респуб-

ликите и народните банки на автономните покраини, кредити од примарната емисија за кредитирање на производството и залихите на основните земјоделски производи, во согласност со Договорот за заедничките основи за проширена репродукција во земјоделството од 1973 до крајот на 1975 година и за политиката за поттикнување на производството на индивидуалните земјоделски стопанства („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/73) и со системските решенија за реализација на политиката на развојот на земјоделството во периодот од 1973 до 1975 година, од 16 мај 1973 година.

Обемот и намените на кредитите од став 4 на оваа точка ги утврдува Сојузниот извршен совет врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи.

За кредитирање на вложувањата во трајни обртни средства на стопанството на територијата на САП Косово, а со цел за усогласување на учеството на стопанството од таа територија со вкупни средства што според посебен закон ќе им се отстапат на организациите на здружениот труд и на општествено-политичките заедници на трајно користење, Народната банка на Југославија, преку Народната банка на Косово, во 1974 година на деловните банки ќе им одобри кредити од примарната емисија до износот од 200,000.000 динари.

Мерките за регулирање на кредитниот потенцијал и на ликвидноста на деловните банки, во смисла на оваа точка, ќе се утврдуваат однапред за секое тримесечје.

4. Во кредитите на одредените корисници од точка 3 став 2 од овие заеднички основи, што непосредно ги кредитира Народната банка на Југославија, во согласност со утврдените законски обврски, спаѓаат:

1) кредитот на федерацијата за пополнување на постојаните стоковни резерви од увоз одобрен во 1973 година — во износ од 5.283.000.000 динари, по кој преостанатиот дел за 1974 година изнесува 4.456,000.000 динари;

2) кредитот на федерацијата за покритие на обврските на федерацијата во 1974 година во износ од 1.400,000.000 динари;

3) кредитите на републиките и на автономните покраини дадени врз основа на Законот за регулирање на одредени обврски што од федерацијата се пренесени врз републиките и автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/73) во износ од 177,000.000 динари (дел за 1974 година);

4) кредитот на СР Црна Гора за покритие на пречекорувањето на трошоците на изградбата на пругата Белград—Бар на територијата на СР Црна Гора — во износ од 20,000.000 динари (последниот дел за 1974 година);

5) кредитот на СР Црна Гора за покритие на понатамошното пречекорување на трошоците на изградбата на пругата Белград—Бар — во износ од 300,000.000 динари;

6) кредитот на Фондот за кредитирање и за осигурување на извозните работи — во износ од 150,000.000 динари, што е одобрен во првото тримесечје на 1974 година, како привремено решение за обезбедување средства на Фондот.

5. Краткорочните кредити од примарната емисија, дадени на деловните банки за намените одредени на ниво на федерацијата, и тоа за кредитирање на работите на извозот на стоки и услуги и за кредитирање на увозот на стоки од одредени валутни подрачја и земји во развој, освен увозот на опрема, банките можат почнувајќи од 1 април 1974 година да ги користат за истите намени и под истите услови во вид на наменски кредити, и тоа до височината на искористените износи по тие кредити, според состојбата на 31 март 1974 година.

Кредитите од став 1 на оваа точка ќе им се дадат на деловните банки посебно за секоја намена од тој став, со тоа што како посебна намена се смета и кредитирањето на увозот на нафта и на нафтени деривати.

Кредитите за намените од став 1 на оваа точка, деловните банки ќе им ги даваат на корисниците под истите услови под кои тие кредити им ги давале до 31 март 1974 година.

6. Кредитите од примарната емисија дадени на деловните банки за намените што ги одредуваат републиките и автономните покраини, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ќе ги претворат во долгорочен кредит, со рок за враќање од 25 години и со камата по стапка од 3% годишно, и тоа до вкупниот обем на примарната емисија утврден за републиката, односно автономната покраина до 31 декември 1973 година.

Долгорочниот кредит од став 1 на оваа точка деловните банки ќе го отплатуваат во еднакви годишни рати кои втасуваат на 31 март секоја година, почнувајќи од 1979 година.

Каматата по долгорочниот кредит тече од денот на склучувањето на договорот за кредитот и се наплатува во роковите предвидени со тој договор.

Деловните банки сразмерен дел од кредитите дадени за намените од став 1 на ова точка на организациите на здружениот труд ќе им претворат во долгорочен кредит за обртни средства до вкупниот износ на долгорочниот кредит што ќе го добијат од народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина, и тоа со рок за враќање од 25 години, почнувајќи од денот на склучувањето на договорот за кредитот, и со камата по стапка до 4% годишно.

Долгорочниот кредит организациите на здружениот труд ќе го отплатуваат во еднакви годишни отплати, од кои првата втасува за плаќање на 15 март 1979 година.

Каматата по долгорочниот кредит од став 5 на оваа точка тече од денот на склучувањето на договорот за кредитот и се наплатува за роковите предвидени со тој договор.

7. Народната банка на Југославија ќе предложи измена на височината на постојните каматни стапки на кредитите што се даваат од примарната емисија, на средствата на задолжителната резерва на деловните банки и на другите средства што кај неа се депонирани, водејќи притоа сметка по основ на каматата да не се остваруваат вишоци на приходите кои би се користеле за финансирање на буџетската и другите општи потрошувачки.

8 Користењето на кредитите од примарната емисија ќе се обусловува, помеѓу другото, со обврска на деловните банки во својата кредитна политика да се придржуваат кон самоуправните спогодби односно кон општествените договори за политиката на формирањето и пласманот на средствата на деловните банки, како и кон самоуправните спогодби и општествените договори за каматните стапки што банките можат да ги договараат.

9. Народната банка на Југославија, заедно со Здружението на банките на Југославија и со другите заинтересирани институции, во согласност со Резолуцијата за основите на политиката на општествено-економскиот развој на Југославија во 1974 година ќе настојува најдоцна до 30 април 1974 година да се склучи самоуправна спогодба на деловните банки, односно општествен договор за спроведување на селективната кредитна политика на деловните банки со што ќе се обезбедат потребни додатни средства за кредитирање:

1) на работите на извозот на стоки и услуги;

2) на увозот на стоки од одредени валутни подрачја и од земјите во развој;

3) на продажбата во земјата и во странство на кредит на домашна опрема и бродови и на трајни потрошни добра;

4) на постојаните и пазарните стоковни резерви на федерацијата.

10. Задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија ќе се користи првенствено како инструмент за регулирање на ликвидноста и на кредитниот потенцијал на деловните банки. Во таа смисла, Народната банка на Југославија ќе настојува да се намали задолжителната резерва на деловните банки и да се сведе во границите што овозможуваат извршување на квантитативните задачи на кредитно-монетарната политика во 1974 година.

По исклучок, додека не се склучи самоуправната спогодба, односно општествениот договор за спроведувањето на селективната кредитна политика во смисла на точка 9 од овие заеднички основи, износот за кој ќе се намали задолжителната резерва на деловните банки, тие банки можат да го користат само за кредитирање на намените наведени во таа точка.

Сојузниот извршен совет, на предлог од Народната банка на Југославија и од надлежните сојузни органи, а врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, ги утврдува:

1) поблиските намени, роковите на користењето и на враќањето на кредитите и другите услови за давање кредити на организациите на здружениот труд во смисла на став 2 од оваа точка;

2) делот на тие кредити за кој на деловните банки им се овозможува покритие од средствата на задолжителната резерва, и максималниот процент на задолжителната резерва што може да се користи за таа цел.

Користењето на задолжителната резерва во смисла на став 2 од оваа точка, Народната банка на Југославија ќе им го дозволува на деловните банки само за делот на кредитот од тој став над обемот на наменските кредити од точка 5 на овие заеднички основи според состојбата на 31 март 1974 година.

11. Кредитите од примарната емисија што кај Народната банка на Југославија ги користат сојузните дирекции за стоковни резерви на федерацијата и Фондот за кредитирање и осигурување извозни работи, Народната банка на Југославија ќе им ги остави на тие корисници на користење и во 1974 година во обемот на одобрените кредити на 31 март 1974 година, под условите и за намените утврдени во договорите за тие кредити.

12. Народната банка на Југославија ќе го обезбеди користењето на новите кредити од динарската противвредност на странските кредити во износот од 2.000,000.000 динари за намените и под условите што ќе ги утврди Сојузниот извршен совет, врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, а во согласност со користењето на странските кредити и во рамките на квантитативните цели на кредитно-монетарната политика.

13. Народната банка на Југославија, народните банки на републиките, народните банки на автономните покраини и деловните банки ќе пристапат веднаш кон реализација на овие заеднички основи и ќе обезбедат нивно доследно спроведување.

Е. п. бр. 204
3 април 1974 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

**260.**

Врз основа на точка 1 од Одлуката за определување на стоките за кои стоковните контингенти и девизните контингенти ги утврдува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/72 и 41/73), на предлог од Сојузниот секретаријат за пазар и цени, а по претходно прибавеното мислење од Стопанската комора на Југославија, сојузниот секретар за надворешна трговија издава

## НАРЕДБА

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ И НА ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ВО 1974 ГОДИНА

1. Во Наредбата за утврдување на стоковните контингенти и на девизните контингенти за увоз на стоки во 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/74, 11/74 и 13/74) во точка 2 под 1 Репродукциони материјали во редниот број 2 бројот: „48.290" се заменува со бројот: „56.290".

По редниот број 10 се додаваат единаесет нови редни броеви, кои гласат:

| „Реден број | Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување | Количина односно вредност |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 11 | 25.01/1 | Камена сол | 85.000 тони |
| 12 | 25.01/2 | Варена сол (изворска) | 700 тони |
| 13 | 25.01/5 | Хемиски чист натриум хлорид | 45 тони |
| 14 | 25.24/2 | Азбестно брашно | 128 тони |
| 15 | 26.01/10а-1 | Руди на хром, Ia и IIa руда | |
| | 26.01/10а-2 | Руди на хром, IIIa руди | |
| | 26.01/10б | Концентрати на хром | |
| | | Вкупно руди и концентрати на хром | 261.000 тони |
| 16 | 27.01/1д-1 | Јаглен камен, друг | 45.000 тони |
| 17 | 27.01/2а | Брикети од камен јаглен | 35.000 тони |
| 18 | 29.01/2ѓ-4 | Додецилбензол | 12.000 тони |
| 19 | 53.01/1б-2 | Волна, крстосана, непрана, финост над 30 микрони | |
| | 53.01/1в-2 | Волна, табачка, непрана, финост над 30 микрони | |
| | 53.01/2б-2 | Волна, крстосана, прана, финост над 30 микрони | |
| | 53.01/2в | Волна табачка прана | |
| | | Вкупно волна | 1.000 тони |
| 20 | 68.13/1 | Азбестно предиво | 30 тони |
| 21 | 70.05/1а | Стакло за прозорци во плочи, необработено | 24.600 тони". |

Во истата точка под 2 Стоки за широка потрошувачка по редниот број 8 се додава нов реден број 9, кој гласи:

| „Реден број | Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување | Количина односно вредност |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9 | 04.01/1 | Млеко | 20.000 тони". |

2. Во точка 4а зборовите: „7 и 8" се заменуваат со зборовите: „7, 8 и 9".

3. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 13006
8 април 1974 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
д-р **Емил Лудвигер,** с. р.

**261.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО »ЕРОСА«

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието »Ероса«, број 1221 од 24 февруари 1974 година, кое излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/128
1 април 1974 година
Белград

Го заменува сојузниот
секретар за внатрешни работи
потсекретар,
**Драшко Јуришиќ,** с. р.

**262.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ »DIE ZEIT«

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот »Die Zeit", број 8 од 15 февруари 1974 година, кој излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/140
1 април 1974 година
Белград

Го заменува сојузниот
секретар за внатрешни работи
потсекретар,
**Драшко Јуришиќ,** с. р.

**263.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ »DIE WELT«

Се забранува внесувањето во Југославија и растурању на весникот „Die Welt" број 47 од 25 февруари 1974 година, кој излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/146
2 април 1974 година
Белград

Го заменува сојузниот
секретар за внатрешни работи
потсекретар,
**Драшко Јуришиќ,** с. р.

**264.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА МОТОРНИ МАСЛА, ЗА БРОДСКИ МОТОРНИ МАСЛА И ЗА МОТОРНИ МАСЛА ЗА КОНЗЕРВИРАЊЕ И ПОДМАЧКУВАЊЕ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

— Бродски картерски моторни масла — — — — — — — — JUS B.H3.019

— Бродски картерско-цилиндарски моторни масла — — — — — JUS B.H3.029

— Бродски цилиндарски моторни масла — — — — — — — — JUS B.H3.039

— Моторни масла за конзервирање и подмачкување — — — — JUS B.H3.131

— Моторни масла тип А — — JUS B.H3.129

— Моторни масла тип В — — JUS B.H3.139

— Моторни масла тип С — — JUS B.H3.149

— Моторни масла тип D — — JUS B.H3.169

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југосло-

венскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јули 1974 година.

4. Се ставаат вон сила следните југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Моторно масло, многу лесно (M 10) | JUS B.H3.030 |
| Моторно масло, лесно (M 20Z) — | JUS B.H3.031 |
| Моторно масло, лесно (M 20) — | JUS B.H3.032 |
| Моторно масло, средно (M 30) — | JUS B.H3.033 |
| Моторно масло, тешко (M 40) — | JUS B.H3.034 |
| Моторно масло, многу тешко (M 50) | JUS B.H3.035 |
| Моторно масло инхибирано, многу лесно (MI 10) — — — — — — | JUS B.H3.040 |
| Моторно масло инхибирано, лесно (MI 20Z) — — — — — — — | JUS B.H3.041 |
| Моторно масло инхибирано, лесно (MI 20) — — — — — — — | JUS B.H3.042 |
| Моторно масло инхибирано, средно (MI 30) — — — — — — — | JUS B.H3.043 |
| Моторно масло инхибирано, тешко (MI 40) — — — — — — — | JUS B.H3.044 |
| Моторно масло инхибирано, многу тешко (MI 50) — — — — — | JUS B.H3.045 |
| Моторно масло инхибирано, благо детергентно, многу лесно (MBD 10) — | JUS B.H3.050 |
| Моторно масло инхибирано, благо детергентно, лесно (MBD 20Z) — — | JUS B.H3.051 |
| Моторно масло инхибирано, благо детергентно, лесно (MBD 20) — — | JUS B.H3.052 |
| Моторно масло инхибирано, благо детергентно, средно (MBD 30Z) — | JUS B.H3.053 |
| Моторно масло инхибирано, благо детергентно, тешко (MBD 40) — — | JUS B.H3.054 |
| Моторно масло инхибирано, благо детергентно, многу тешко (MBD 50) — | JUS B.H3.055 |
| Моторно масло со детергенти, многу лесно (MD 10) — — — — — | JUS B.H3.060 |
| Моторно масло со детергенти, лесно (MD 20Z) — — — — — — — | JUS B.H3.061 |
| Моторно масло со детергенти, лесно (MD 20) — — — — — — — | JUS B.H3.062 |
| Моторно масло со детергенти, средно (MD 30) — — — — — — | JUS B.H3.063 |
| Моторно масло со детергенти, тешко (MD 40) — — — — — — — | JUS B.H3.064 |
| Моторно масло со детергенти, многу тешко (MD 50) — — — — — | JUS B.H3.065 |
| Моторно масло нарочно детергентно, многу лесно (MND 10) — — — | JUS B.H3.070 |
| Моторно масло нарочно детергентно, лесно (MND 20Z) — — — — | JUS B.H3.071 |
| Моторно масло нарочно детергентно, лесно (MND 20) — — — — — | JUS B.H3.072 |
| Моторно масло нарочно детергентно средно (MND 30) — — — — — | JUS B.H3.073 |
| Моторно масло нарочно детергентно, тешко (MND 40) — — — — — | JUS B.H3.074 |
| Моторно масло нарочно детергентно, многу тешко (MND 50) — — — | JUS B.H3.075 |

донесени со Решението за југословенските стандарди за производи од нафта: моторно, вретенско, лежишно, оскинско и цилиндерско масло за заситена пара („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/56).

5. Југословенските стандарди од точка 4 на ова решение престануваат да важат на 30 јуни 1974 година.

Бр. 08-618/1
13 февруари 1974 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

---

## 265.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА АЛАТ И ПРИБОР

1. Во изданието на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува југословенскиот стандард:

Врезници. Технички услови за изработка и испорака — — — — JUS K.D6.010

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јули 1974 година.

4. Престанува да важи југословенскиот стандард: Технички прописи за изработка и испорака на врезници и нарезници — JUS K.D6.010 донесен со Решението за југословенските стандарди за изработка и испорака на машински ножеви, глодала, спирални бургии, развртувачи и впуштувачи, врезници и нарезници и прстенести еластични подлошки („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/56).

5. Југословенскиот стандард од точка 4 на ова решение престанува да важи на 30 јуни 1974 година.

Бр. 12-978/1
13 февруари 1974 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

---

## 266.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЛАБОРАТОРИСКИ САДОВИ И ПРИБОР

1. Во изданието на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Лабораториски садови и прибор:

— Означување (називи, терминологија) на лабораторискиот прибор — Седма листа — — — — — — — JUS B.E4.507

— Означување (називи, терминологија) на лабораторискиот прибор — Осма листа — — — — — — — JUS B.E4.508

— Означување (називи, терминологија) на лабораторискиот прибор — Деветта листа — — — — — — JUS B.E4.509

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се применуваат од 1 јуни 1974 година.

Бр. 19-619/1
13 февруари 1974 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**267.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ“, бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА

1. Во изданиe на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Ткаенини за работна заштитна облека во здравството:

— Ткаенина, тип I. Општи услови JUS F.C2.701

— Ткаенина, тип II. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.702

— Ткаенина, тип III. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.703

— Ткаенина, тип IV. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.704

— Ткаенина, тип V. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.705

— Ткаенина, тип VI. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.706

— Ткаенина, тип VII. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.707

— Ткаенина, тип VIII. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.708

— Ткаенина, тип IX. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.709

— Ткаенина, тип X. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.710

— Ткаенина, тип XI. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.711

— Ткаенина, тип XII. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.712

— Ткаенина, тип XIII. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.713

— Ткаенина, тип XIV. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.714

Плетенини за заштитна облека во здравството:

— Плетенини, тип XV. Општи услови — — — — — — — JUS F.C2.715

Работна заштитна облека во здравството. Облека за здравствените работници:

— Машки мантили. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — — JUS F.G1.701

— Операциони мантили. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — JUS F.G1.703

— Машки палта (блузи). Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — JUS F.G1.704

— Машки панталони. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — JUS F.G1.705

— Машки кошули. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — JUS F.G1.706

— Машки капи. Големини и квалитет на материјалот и изработката JUS F.G1.707

— Пелерини. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — JUS F.G1.708

— Женски мантили. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.731

— Женски блузи. Големини и квалитет на материјалот и изработката JUS F.G1.733

— Женски кошулки (блузички). Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — JUS F.G1.734

— Женски здолници. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.735

— Женски фустани. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.736

— Женски комплети (блуза, здолница). Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — JUS F.G1.737

— Женски скутници. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.738

— Женски капи. Големини и квалитет на материјалот и изработката JUS F.G1.739

— Женски патронажни комплети (блуза, здолница), летни. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.740

Работна заштитна облека во здравството. Облека за техничко-помошните работници во здравството:

— Машки работни облеки (палто, панталони). Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — JUS F.G1.751

— Женски марами. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — JUS F.G1.752

— Женски скутници. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.753

Заштитни облеки во здравството. Облека за болните:

— Машки пиџами. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.761

— Женски пиџами. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.762

— Детски пиџами. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.763

— Женски ношници. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.764

— Детски женски ношници. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — JUS F.G1.765

— Машки и женски наметала. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — JUS F.G1.766

— Детски наметала. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.767

— Детски блузички. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — JUS F.G1.768

— Детски панталони. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — — JUS F.G1.769

— Детски бенкички. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — — JUS F.G1.770

— детски штрамплици. Големини и квалитет на материјалот и изработката — — — — — — — — — — JUS F.G1.771

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кои се составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1975 година, освен стандардите JUS F.C2.704, JUS F.C2.706, JUS F.C2.707, JUS F.C2.708, JUS F.C2.709, JUS F.C2.711, JUS F.C2.712, JUS F.C2.713 и JUS F.C2.714, кои се применуваат од тој ден.

Бр. 10-874/1
13 февруари 1974 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 268.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за југословенските стандарди и за нормите на квалитетот на производите („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ИЗОПРОПИЛ-АЛКОХОЛ, ТЕХНИЧКИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува југословенскиот стандард: Изопропил-алкохол, технички. Земање мостри и методи на испитување — — — JUS H.B8.251

2. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точка 1 на ова решение се применува од 1 јуни 1974 година.

Бр. 22-2407/1
23 март 1974 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 269.

## ЛИСТИ

### НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ДЕЛЕГАТИ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

Врз основа на член 53 став 4 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/74), Сојузната изборна комисија ги објавува листите на кандидатите за делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ од социјалистичките републики и автономните покраини, потврдени од страна на соодветните републички односно покраински изборни комисии, и тоа:

### I. ЛИСТА НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ДЕЛЕГАТИ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА:

1. **Билан Стипо**, роден на 9 I 1923 во Јајце, потпретседател на Собранието на СР БиХ, Хрват, член на Претседателството на РК на ССРН на БиХ

2. **Краина Борислав**, роден на 24 IX 1930 година во Добој, правник, секретар на Републичката конференција на ССРН на БиХ, Хрват, член на Претседателството на РК на ССРН на БиХ

3. **Балиќ Ибрахим**, роден на 8 I 1931 во Рипче, Бихаќ, висококвалификуван работник, Муслиман, член на делегацијата на „Комбитекс" Бихаќ

4. **Чаушевиќ Изет**, роден на 12 II 1923 во Плевља, висококвалификуван работник, Муслиман, член на делегацијата на претпријатието „Соко" Мостар

5. **Дурак Фехим**, роден на 10 VIII 1933 во Средње, Илијаш, висококвалификуван работник, Муслиман, член на делегацијата на ООЗТ „Претис" Вогошќа

6. **Галијашевиќ Енес**, роден 1940 во Тешањ, висококвалификуван работник, Муслиман, член на делегацијата на претпријатието „Побједа" Тешањ

7. **Колак Руди**, роден на 4 XI 1918 во Горњи Рибник — Кључ, политички работник, претседател на стопанската комора на Југославија Хрват, член на Конференцијата на СКЈ

8. **Кршљугиќ Ејуб**, роден 1936 во Тузла, инженер, Муслиман, член на делегацијата на Комбинатот „Борис Кидрич" Лукавац

9. **Матиќ Радмила**, родена на 25 XII 1925 во Маглај, економист, Србинка, член на ЦК СК БиХ

10. **Миќевиќ Момир**, роден на 8 III 1931 во Чајниче, висококвалификуван работник, Србин, член на делегацијата на претпријатието „Азот" Горажде

11. **Парежанин Неѓо**, роден на 15 I 1923 директор на „Боснафилм" Сараево, Србин, член на Секретаријатот на Секцијата за прашања на културата и уметноста на Претседателството на РК на ССРН на БиХ

12. **Раиќ Ана**, родена на 18 XI 1936 во Ливно, висококвалификуван работник, Хрватка, член на делегацијата на фабриката „Кључ" Сараево

13. **Башкот Бошко**, роден на 4 I 1922 во Цикоте, Приедор, правник, претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР БиХ, Србин, член на Комисијата за организационо-политичкиот развој на Претседателството на РК на ССРН на БиХ

14. **Чишиќ Јелена**, родена на 6 VI 1926 во Сараево, управник на Центарот за социјален труд Сараево, Србинка, член на Секретаријатот на Секцијата за социјална политика и детска заштита на Градската конференција на ССРН Сараево

15. **Грбиќ Рајко**, роден на 15 IX 1933 во Дрвар, инженер, Србин, член на делегацијата на Погонот за одржување на пругата во Дрвар

16. **Гребо Мухамед**, роден на 28 XI 1916 во Мостар, политички работник, пратеник на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР БиХ, Муслиман, член на Комисијата за народна одбрана на Републичкиот одбор на СЗБНОВ на БиХ

17. **Јакуповиќ Агица**, роден на 21 VII 1930 во Сански Мост, Муслиман, геометар, член на делегацијата на ГП „20 октобар" Сански Мост

18. **Родиќ Нада**, родена на 14 VI 1930 во Бања Лука, Србинка, висококвалификуван работник, член на делегацијата на „Интерплет" Брчко

19. **Садиковиќ Садик**, роден на 24 V 1932 во Тузла, висококвалификуван работник, Муслиман, член на делегацијата на рудникот „Крека Бановиќи"

20. **Враниќ Мирко,** роден 1920 во Сански Мост, генерал-потполковник, Хрват, член на делегацијата во Командата на Армијата

21. **Јелчиќ Кажимир,** роден 1934 во Чапљина, инженер, претседател на Меѓуопштинската конференција на СК за Херцеговина, Хрват, член на ЦК СК на БиХ

22. **Крагуљ Никола,** роден на 19 IV 1946 во Бос. Градишка, економист, Србин, член на делегацијата на ПИК Босанска Градишка

23. **Ристиќ Славко,** роден на 16 II 1937 во Шид, висококвалификуван работник, Србин, член на делегацијата на „Интерплет" Брчко

24. **Сирќо Ахмед,** роден на 16 III 1928 во Високо, инженер, Муслиман, член на делегацијата на „Енергоинвест" Сараево

25. **Шешлија Ѓорѓе,** роден на 4 V 1928 во Невесиње, правник, Србин, претседател на Меѓуопштинската конференција на СК на Зеница

26. **Поповиќ Љубиша,** роден 1925 во Зворник, дипломиран правник, Србин, член на ОК на СК на Зворник

27. **Терзиќ Рецо,** роден на 4 I 1924 во Босанска Крупа, политички работник, Муслиман, член на Комисијата за надворешно-политички активности и меѓународни врски на Претседателството на РК на ССРН на БиХ

28. **Тадиќ Божо,** роден на 2 XI 1924 во Тузла, правник, Хрват, потпретседател на Конференцијата на Сојузот на синдикатите на БиХ

29. **Фогл Иван,** роден на 11 VI 1928 во Сараево, уредник на играната програма на РТВ Сараево, Хрват, член на делегацијата на РТВ Сараево

30. **Пурпватра Атиф,** роден на 16 IX 1918 во Сараево, професор на Универзитетот, Муслиман, член на делегацијата на Факултетот за политички науки Сараево.

## II. ЛИСТА НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:

1. **Милева Невена,** родена 1932 година, професор на гимназија, Македонка, делегација на ССРНМ — Штип

2. **Глигоровски Наум,** роден 1929 година, ВКВ работник на ПТТ Скопје, Македонец, делегација на ПТТ — Скопје

3. **Костов Крсте,** роден 1928 година, градежен инженер, Македонец, делегација на ГП „Бетон" — Скопје

4. **Богоевски Васил,** роден 1945 година, инженер металург, делегација на Топилницата Титов Велес, Македонец

5. **Глигоров Киро,** роден 1917 година, општествено-политички работник, делегација на СКМ, Македонец

6. **Зисовски Љупчо,** роден 1927 година, ВКВ работник во „11 октомври" — Куманово, Македонец, делегација на „11 октомври" — Куманово

7. **Јорданов Миниче,** роден 1944 година, инженер технолог во Железарницата Скопје, Македонец, делегација на Железарницата Скопје

8. **Карановски Душан,** роден 1922 година, лекар во ЈНА, Македонец, делегација на ЈНА — Воена болница — Скопје

9. **Китановски Владо,** роден 1930 година, угостителски работник, Македонец, делегација на „Инекс — Горица" — Охрид

10. **Николовска Елена,** родена 1947 година, медицинска сестра, Македонка, делегација на Медицинскиот центар — Битола

11. **Хаџи Василев Киро,** роден 1921 година, општествено-политички работник, Македонец, делегација на СКМ

12. **Абдулов Азис,** роден 1928 година, ВКВ хемиски работник во „Алкалоид" — Скопје, Турчин, делегација на „Алкалоид" — Скопје

13. **Војновски Љубе,** роден 1927 година, ВКВ работник — текстилец, Македонец, делегација на „Тетекс" — Тетово

14. **Димовски Боге,** роден 1932 година, електротехничар, Македонец, делегација на ХЦ „Равен" — Гостивар

15. **Мирчевски Мирко,** роден 1933 година, земјоделски техничар, Македонец, делегација на ПИК „Пелагонија" — Битола

16. **Козаров Костадин,** роден 1932 година, земјоделски техничар, Македонец, делегација на ПИК „Струмица" — Струмица

17. **Шкартов Ване,** роден 1935 година, ВКВ работник во Дрвниот комбинат „Треска" — Кавадарци, Македонец, делегација на Дрвниот комбинат „Треска" — Кавадарци

18. **Печијаревски д-р Ѓоре,** роден 1922 година, научен советник во Тутунскиот институт — Прилеп, Македонец, делегација на Тутунскиот институт — Прилеп

19. **Алексовски Кирил,** роден 1924 година, општествено-политички работник, Македонец, делегација на ССМ

20. **Самоников Љупчо,** роден 1928 година, општествено-политички работник, Македонец, делегација на СКМ — Штип

21. **Тодоровски Ратко,** роден 1935 година, општествено-политички работник, Македонец, делегација на СКМ — Куманово

22. **Палоши Целадин,** роден 1923 година општествено-политички работник, Албанец, делегација на Сојузот на борците на НОВ — Тетово

23. **Адеми Емине,** родена 1934 година, новинар, Турчинка, делегација на ССРНМ

24. **Паликрушева Галаба,** родена 1928 година, научен работник, Македонка, делегација на Институтот за национална историја

25. **Митевски Никола,** роден 1922 година, општествено-политички работник, Македонец, делегација на Сојузот на борците на Македонија

26. **Кочовска-Цветковиќ Фана,** родена 1927 година, општествено-политички работник, Македонка, делегација на СКМ

27. **Шакири Ресул,** роден 1933 година, општествено-политички работник, Албанец, делегација на ССРНМ

28. **Бајалски Ристо,** роден 1916 година, општествено-политички работник, Македонец, делегација на Сојузот на борците — Гевгелија

29. **Давков Павле,** роден 1925 година, општествено-политички работник, Македонец, делегација на ССМ

30. **Станковски Цане,** роден 1928 година, општествено-политички работник, Македонец, делегација на СКМ — Скопје.

## III. ЛИСТА НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ДЕЛЕГАТИ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА:

1. **Андреј Цетински,** 30 XI 1921 година, генерал-мајор, словенечка, ЈНА

2. **Ива Цизај**, 21 IV 1944 година, дипл. агр., словенечка, ОЗТ ПК Жалец

3. **Штефка Додич**, 26 XII 1944 година, економист, словенечка, ООЗТ „Сладкогорска", Сладки Врх

4. **Франц Хорват**, 26 IX 1941 година, дипл. економист, словенечка, ОПС на Општината Горња Радгона

5. **Макс Јаблочник**, 29 V 1927 година, ВК електричар, словенечка, ООЗТ ПГА „Борис Кидрич", Птуј

6. **Славко Јакич**, 13 VIII 1928 година, електротехничар, словенечка, ООЗТ „Сатунус", Љубљана

7. **Антон Јурјевчич**, 26 V 1937 година, машинбравар, словенечка ООЗТ „Предилница ин ткалница" Тржич

8. **Анка Јурше**, 2 VII 1933 година, работоводител, словенечка, ООЗТ „Елма" Чрнуче

9. **Јоже Капус**, 1 IV 1941 година, пог. маш. инж., словенечка, ООЗТ „Пламен" Кропа

10. **Мирко Лединек**, 17 XII 1947 година, маш. техничар, словенечка, ООЗТ ТАМ, погон Тезно — Марибор

11. **Виктор Лозеј**, 19 IV 1934 година, дипл. инж. агр., словенечка, ООЗТ Агрaрија, Копар

12. **Мартин Млинар**, 1 XI 1935 година, економист, словенечка, ОПС на Општина Трбовље

13. **Војко Озим**, 28 III 1922 година, маг. дипл. инж., словенечка, ООЗТ Марибор (Центар за развој и научно истражување на минерални води)

14. **Јасна Пече-Јаничевиќ**, 23 V 1928 година, лекар, словенечка, ООЗТ Лекувалиште Ново Место

15. **Едо Погорелец**, 30 X 1935 година, дипл. инж., словенечка, ООЗТ Железарница Равне на Корошкем

16. **Милан Пугељ**, 27 VII 1944 година, работоводител, словенечка, ООЗТ Железарница Шторе

17. **Луцијан Стадина**, 21 VI 1939 година, дипл. економист, словенечка, ООЗТ Сплошна Пловба Пиран

18. **Петер Фицко**, 8 VII 1936 година, дипл. фил., словенечка, ООЗТ, РШЦ Велење

19. **Јелка Фирбас**, 2 VII 1932 година, соц. работник, словенечка, МЗ Ленарт

20. **Ивица Кавчич**, 21 VIII 1933 година, дипл. инж., словенечка, ООЗТ рудник на жива Индрија

21. **Богдан Осолник**, 13 V 1920 година, дипл. правник, словенечка, ОПС на Општина Ново Место

22. **Франц Сагај**, 21 II 1911 година, инд. земј. производител, словенечка, ООЗТ ЗЗ Љутомер

23. **Драго Селигер**, 25 VIII 1926 година, дипл. полит., словенечка, РК на ССРН на Словенија

24. **Јожа Вилфан**, 6 VII 1908 година, дипл. правник, словенечка, МЗ Градишче Љубљана

25. **Славко Залокар**, 28 VIII 1927 година, текстилен техничар, словенечка, МЗ Водоводни столп Крањ

26. **Руди Шимац**, 24 X 1934 година, дипл. економист, словенечка, МЗ Нова Горица

27. **Руди Брегар**, 24 I 1926 година, дипл. политолог, словенечка, МЗ Љубљана, Зг. Шишка

